Архивски број: 08-106/3
29-09-2025 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-673/1 од 18.10.2024 година поднесена од ----- од ----, со адреса на живеење на ---- во ----, во име на ---- од ----, против ----, за сторена дискриминација врз основа на возраст во областа на образованието, науката и спортот и пристапот до добра и услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ИНДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** кон лицето ---- од ----, ----, сторена од страна на ----- врз основа на возраст во областа на образованието, науката и спортот, а која произлегува од Решение за ------.

## Образложение

На 18.10.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (понатаму „**Комисијата**") поднесена е претставка заведена под архивски број 08-673/1, од страна на ----- од -----, со адреса на живеење на ----- во -----, во име на ---- за сторена дискриминација врз основа на возраст во областа на образованието, науката и спортот и притапот до добра и услуги од страна на ------ (понатаму:

Во претставката е наведено дека подносителката е ----- кој во ---- ја запишал ---- на смер ----. Истата година ---- распишало Конкурс за 240 ученички стипендии за ученици од средно образование кои реализираат наставни програми од угостителско-туристичка струка, електро-техничка струка, градежно-геодетска струка, земјоделско-ветеринарна струка, машинска и текстилно-кожарска струка од јавните и приватните средни училишта во Република Северна Македонија за учебна 2022/2023 година, бр. ---- од ---- година. Подносителката наведува дека поднела комплетна документација до ---- за учество на ---- на наведениот конкурс, а на 26.12.2022 година добила Решение дека бил одбиен иако ги исполнувал сите услови и бил ученик со просечен успех 5,00 и примерно поведение. Образложението било дека фондот за стипендиите бил поделен на кандидати кои биле од трета и четврта година средно образование. Поради наведеното смета дека ---- бил дискриминиран, понижен и изигран на самиот почеток на неговото образование во ----. Решението ---- било обжалено пред Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен која ја усвоила жалбата и го поништила оспореното решение. По ова, на 09.10.2023 година го добиле второто

решение од ----, со кое ---- повторно бил одбиен со истото образложение како и во претходнодонесеното решение.

Кон претставката подносителката ги достави следните докази:

- Потврда за прием на пријава заведена под бр. ---- од --- година,
- Решение бр. ---- од --- година на -----,
- Жалба против решение поднесена до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен Бр. ---- од ---- година и
- Решение на министерство за образование и наука бр. 19-10845/3 од 09.10.2023 година.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 29.10.2024 година се обрати до ---- со Барање број 08-673/2 за произнесување по наводи во претставка. Со оглед дека произнесувањето не беше доставено во законски предвидениот рок, Комисијата на 20.01.2025 година достави Ургенција бр. 08-106/1 до ----.

По ова, на 31.01.2025 година во Комисијата е примен Допис бр. ---- од ---- година на ---- во кој се наведува дека --- врз основа на решение бр. ---- од --- година распишало Конкурс за доделување 240 стипендии за ученици од средно образование кои реализираат наставни програми од угостителско-туристичка струка, електро-техничка струка, градежно-геодетска струка, земјоделско-ветеринарна струка, машинска и текстилно-кожарска струка од јавните и приватните средни училишта во Република Северна Македонија за ----- број ---- од ---- година. Во текот на целиот процес на спроведување на конкурсот и доделувањето на стипендиите од страна на комисијата биле почитувани критериумите пропишани во наведеното решение. Се наведува дека во точка 8 потточка 6 од ова решение било предвидено дека: ***Доколку има повеќе кандидати со ист број бодови, предност имаат кандидатите запишани во повисока година и освоени награди во областа.*** Во произнесувањето се наведува дека ----- во учебната ---- година бил ученик во ---- и оттаму кандидатите кои биле во погорните години, а оствариле ист број бодови како именуваниот се стекнале со предност во добивање на стипендија пред ----. Намерата на оваа одредба била да им овозможи на учениците од погорните години да добијат стипендија имајќи предвид дека им останувале помалку години до завршување на образованието во однос на кандидатите од пониските години кои можеле повторно да се јават на конкурс за стипендија следната година, односно години до крајот на нивното средно образование. Со оглед на ова, Комисијата со решение го одбила барањето на ---- против кое била поднесена жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен. Државната комисија ја уважила жалбата, го поништила решението на ---- и го вратила предметот на повторно постапување и одлучување на првостепениот орган. Во повторената постапка, по увидот во апликацијата на ----, --- повторно донело решение со кое ја потврдило одлуката со која барањето на ----- веќе еднаш било одбиено, повторно

Законот за ученички стандард [2], во член 8, став 1 уредува дека "*Под ученички стандард се подразбира обезбедување на сместување, исхрана, стипендии, како и задоволување на работните, културните, воспитно-образовните, информативните, спортско-рекреативните и други заеднички потреби на учениците. Ученичкиот стандард е организирана дејност преку која се овозможуваат и остваруваат материјални и други услови за воспитание и образование на учениците, стипендирање и друго".* Во член 53 од законот е уредено дека *"Со цел откривање, стимулирање и негување на надарени ученици од различни области на науката, техниката, култура, уметноста и спортот, министерството ќе доделува стипендии на учениците."* Во член 54 од законот е уредено дека *Доделување на ученички стипендии се врши врз основа на конкурс кој го објавува министерството. Конкурсот, во зависност од видот на стипендијата, ги содржи поблиските услови, бројот и висината на стипендиите, како и роковите за доделување на стипендиите*. Во став 3 од истиот член е уредено дека "*Во зависност од видот на стипендијата ученикот, меѓудругото треба да ги исполнува следниве услови: - да е државјанин на Република Северна Македонија, - да е редовен ученик во средното образование, - да има остварен успех во образованието, - да има освоени награди/дипломи на државни/меѓународни натпревари итн*".

Земено предвид сето наведено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај постои индиректна дискриминација кон ---- од ----, врз основа на возраст во областа на образованието, науката и спортот, а која произлегува од одредбите на Решението бр. ---- од ---- година со кое ----- распишало Конкурс за доделување 240 стипендии за ученици од средно образование кои реализираат наставни програми од угостителско-туристичка струка, електро-техничка струка, градежно-геодетска струка, земјоделско-ветеринарна струка, машинска и текстилно-кожарска струка од јавните и приватните средни училишта во Република Северна Македонија за учебна ---- година број --- од ----- година. Имено, предметното решение претставува интерен акт на ---- и неговите одредби не им биле познати, односно не биле јавно достапни на кандидатите во моментот на аплицирање за стекнување на право на ученичка стипендија кое право се стекнува во согласност со Законот за ученички стандард. Во објавениот конкурс за доделување на 240 стипендии биле наведени општи и посебни услови, односно критериуми кои кандидатите требало да ги исполнуваат во моментот на поднесување на барањето за добивање на стипендија, и ниту еден од нив не го предвидува условот опфатен со точка 8 потточка 6 од спорното решение. Условите за стекнувањето на ова право се пропишани со соодветен закон од соодветната област. На овој начин сторена е индиректна дискриминација -----, а онака како е таа предвидена со член 8, став 2 од Закон за спречување и заштита од дискриминација според која "*<u>Индиректна дискриминација</u> постои кога преку навидум неутрални прописи, одредби,*

[2] („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/2005, 117/2008, 17/2011, 135/2011, 15/2013, 41/2014, 146/2015, 30/2016, 64/2018 и 20/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 248/2020 и 302/2020

водејќи се од одредбите на решението за ----, како и од утврдената квота за доделување на вкупен број на стипендии. Крајно се наведува дека ---- е посветено на обезбедување на еднакви можности за сите ученици без разлика на нивна етничка, родова, верска или друга припадност како и на спречување на било каква форма на дискриминација во сите образовни процеси.

Врз основа на наводите во претставката, произнесувањето по истата и увид во приложените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја утврди следната фактичка состојба: ------ во учебната ---- година бил ученик во ----. Како ученик со одличен успех и примерно поведение конкурирал за ученичка стипендија на Конкурс за доделување 240 стипендии за ученици од средно образование кои реализираат наставни програми од угостителско-туристичка струка, електро-техничка струка, градежно-геодетска струка, земјоделско-ветеринарна струка, машинска и текстилно-кожарска струка од јавните и приватните средни училишта во Република Северна Македонија за ----- број ---- од ---- година. Неговото барање за стекнување на право на ученичка стипендија било одбиено со образложение дека во случаите кога имало повеќе кандидати со ист број на бодови, предност имале оние кандидати кои биле запишани во повисока година и со освоени награди во соодветната област, а во согласност со точка 8 потточка 6 од решението за ----. Ова решение не било јавно објавено и неговите одредби не им биле познати на кандидатите при аплицирањето. Решението со кое бил одбиен ученикот било обжалено пред Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен која ја усвоила жалбата, го поништила решението и го вратила предметот на повторно постапување и одлучување пред првостепениот орган. Државната комисија дала насоки при повторното одлучување да се земе предвид дека причината за одбивање на ученикот за стекнување со ученичка стипендија не била заснована на закон, ниту на подзаконски акт и не била предвидена во Конкурсот за доделување на ученички стипендии, туку била пропишана со интерен акт на ----. Но, и во повторената постапка ---- донело решение со кое повторно го одбило барањето на ученикот за стекнување со право на ученичка стипендија, со истото образложение односно поради истата причина поради која бил одбиен и во првиот наврат.

Во согласност со член 9 од Уставот на Република Северна Македонија *"Граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување; имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви"*.

*критериуми, програми или практики, се става некое лице или група во понеповолна положба врз дискриминаторска основа во споредба со други лица или група лица, освен кога произлегува од легитимна цел, а средствата за постигнување на таа цел се пропорционални, односно се соодветни и неопходни."* Ученикот на овој начин е ставен во понеповолна положба во споредба со други ученици од повисоки години во средно училиште со оглед да ги исполнувал предвидените услови во јавно достапниот Конкурс, без постоење на легитимна цел која истото би го оправдала, односно дека на тој начин им се овозможувало на учениците од погорните години да добијат стипендија имајќи предвид дека им останувале помалку години до завршување на образованието во однос на кандидатите од пониските години кои можеле повторно да се јават на конкурс за стипендија следната година, односно години до крајот на нивното средно образование.

Согласно член 27 став (2) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, а со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

## П Р Е П О Р А К А

**СЕ ПРЕПОРАЧУВА** ----- во иднина при објавување на Конкурсите за доделување на ученички стипендии за ученици запишани во јавни и приватни средни училишта, да пропишува јасни и прецизни општи и посебни критериуми за стекнување на правото на ученичка стипендија, а кои ќе важат подеднакво за сите кандидати.

Скопје,
24.09.2025 година

Комисија спречување и заштита од
[дис]криминација

Прет[седа]тел на Комисијата
[...]то Бејзароски

Доставено до:

- ---------------------
- ----------------------------------
- Архива на КСЗД



ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
23232368;
23216892
kszd.mk
t@kszd.mk